# ЛЕТНА АКАДЕМИЈА НА ШПАРКАСЕ БАНКА

Summer academy 2024 -Vibe On е летна академија поддржана од нашата банка Шпаркасе Банка АД Скопје, која претставува одлична можност за млади и талентирани студенти, кои својата иднина ја гледаат во банкарството.

Летната академија на своите учесници им овозможува размена на искуства и знаења, придобивки и личен и професионален развој, како и дружење и забава.

Станува збор за програма наменета за сите студенти што се во трета или во четврта/завршна година од своите додипломски студии како и за студенти што се на магистерски студии на кој било универзитет во земјата.




Summer academy 2024 -Vibe On нуди сеопфатна програма преку која ќе влезеш во светот на банкарството и ќе добиеш можност да станеш дел од Шпаркасе Банка.

Целокупната програма е организирана на начин што секој од учесниците ќе добие еднаков третман и можност да ги изрази своите знаења и размислувања како и вештини стекнати во своето образование. Сите учесници ќе имаат можност да работат самостојно, но и тимски да се поддржуваат при изработка на реални развојни решенија и проекти, кои вклучуваат логички и аналитички пристап во работењето, истражувачка работа и развој на корпоративни вредности.

Летната академија се одржува во Охрид и трае 10 дена и тоа од 1-10 јули 2024, со обезбедено сместување и список на активности и задачи, кои ќе им понудат на нашите учесници откривање и стекнување знаење и искуство со сите специфики што ги нуди банкарскиот сектор.

Уникатен и посебно важен дел од Летната академија е што учесниците ќе бидат дел од програмите за развој на банкарски производи и ќе можат со своите идеи и знаења да придонесат во креирање нови решенија. Истовремено ќе можат да ги покажат своите преговарачки и продажни вештини преку конкретни работни задачи доделени од менторите и да придонесат во креирање целокупна развојна политика на едно комплетно решение.

Учесниците ќе имаат можност да учат, да работат на реални проблеми, да преземаат иницијатива и да решаваат конкретни прашања. Ќе имаат можност да понудат сопствени креативни решенија за секоја доделена задача и да остават своја трага на нови банкарски производи.

Шпаркасе Банка ќе ви овозможи 10 дена да се чувствувате како дел од Банката и да почувствувате како е да си дел од една комплексна банкарска организација.

По завршување на Летната академија, секој учесник ќе добие Сертификат за учество. Но, најважно од сѐ е дека учесниците ќе станат потенцијални кандидати за платена практика во Шпаркасе Банка како и можни кандидати за идно вработување.

**КАРИЕРА**
БЕЗ БАРИЕРА

SPARKASSE
Bank